**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА ЗА ДЕКЕМВРИ 2009 ГОДИНА

**Јануари 2010 година**

## I. Зајакнување на институционалниот капацитет

1. Во декември 2009 година е донесена Одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2010 година („Сл.весник на РМ” бр.155/2009), со што е реализирана годишната обврска од пристапувањето на Република Македонија кон Светската трговска организација и измените на Комбинираната номенклатура на Европската унија (Сл.весник на ЕУ бр. L 287/2009).

.

2. Со цел исполнување на условите акредитација на методите за анализа во царинската лабораторија и добивање цертификат ИСО 17025, изработена е документација на Системот за управување со квалитет, составена од 80 документи (постапки, упатства и записи) согласно барањата на стандардот ИСО 17025:2006.

3. По извршен превод на македонски јазик и техничка подготовка, во декември е отпечатен Компендиумот за царинска вредност на Светската царинска организација. Истиот претставува практична алатка во секојдневното работење на царинските службеници за правилно определување на царинската вредност во согласност со правилата на Светската трговска организација и Светската царинска организација

4. Врз основа на измените на Царинската тарифа за 2010 година, извршени се соодветни измени во EXIM и MAKCIS информационите системи. На новите тарифни ознаки им се додадени соодветните лиценци, како и, царинските стапки, преференцијалните стапки, ДДВ, забраните и ограничувањата.

5. Во декември Царинската управа наплати вкупно 3,8 милијарди денари (околу 61.8 милиони евра) на име буџетски приходи, што е за 6% помалку во однос на истиот период 2008 година.

   Од вкупно наплатените буџетски приходи, на име царина и други царински давачки се наплатени 505 милиони денари (околу 8.2 милиони евра), што е 13% помалку од остварувањето во истиот период 2008 година.

   Приходите од ДДВ изнесуваат 3.188 милиони денари (околу 51,8 милиони евра), што е 5% помалку од оствареното во истиот период во 2008 година.

   Наплатените приходи од акциза изнесуваат 77 милиони денари (1,25 милион евра), што е 29% помалку од остварувањето во декември 2008 година.

   Наплатените приходи од надоместоци изнесуваат 31 милион денари (околу 504 илјади евра) кои се за 48% помалку во однос на декември 2008 година .

   Во периодот јануари - декември 2009 година Царинската управа наплати вкупно 39.086 милиони денари (околу 635,5 милиони евра) на име буџетски приходи, што е за 23% помалку во однос на истиот период 2008 година.

   Од вкупно наплатените буџетски приходи, на име царина и други царински давачки во периодот јануари-декември во 2009 година се наплатени 5.409 милиони денари (околу 87,9 милиони евра) што е за 15% помалку од остварувањето во истиот период 2008 година.

Приходите од ДДВ во периодот јануари - декември 2009 година изнесуваат 32.511 милиони денари (околу 528 милиони евра), што е 25% помалку од оствареното во истиот период во 2008 година.

Наплатените приходи од акциза, во периодот јануари - декември 2009 година изнесуваат 886 милиони денари (околу 14,4 милиони евра), што е за 9% помалку од истиот период во 2008 година.

Наплатените приходи од надоместоци во периодот јануари-декември 2009 година изнесуваат 280 милиони денари (околу 4,5 милиони евра), што е за 3% повеќе од оствареното во истиот период 2008 година.

Вкупниот увоз по количина во декември 2009 година изнесува околу 329 илјади тони и е за 3,25% помал во однос на декември 2008 година. Еднаков тренд бележи и статистичката вредност на увозот која во декември 2009 година изнесува 18.143 милиони денари и е за 2,9% помала од истиот период 2008 година.

Во декември 2009 година има забележителен пораст на увозот по количина и статистичка вредност на месо и кланички производи, на млечни производи, шеќер, преработки од прехрамбената индустрија, производи од хемиската индустрија, прости метали и производи од прости метали и возила, што резултира со поголема наплата на царинските давачки кај наведените производи.

Особено се зголемени наплатените давачки при увоз на месо и преработки, растителни масла и тутун, поради значително зголемени цени на овие производи.

Значително намалување на увозот по количина и вредност, во декември 2009 година споредено со истиот период 2008 година е забележан увозот на риба, зеленчук, жита и растителни масла.

Значително намалување на наплатените córинaски давачки во декември 2009 година во однос на декември 2008 година има во мелничките производи, шеќерот, нафтените деривати, дрвото и текстилот.

## II. Административен капацитет

6. Во декември 2009 година беа реализирани вкупно 21 обука во разни форми, на кои учествуваа 226 царински службеници во времетраење од 335 часа. Просечното времетрење на обука за вработените кои посетувале обука е 14,09 часа. Бројот на реализирани активности во периодот од јануари до декември 2009 година е 253 настани, на кои присуствуваа 3.276 учесници, со просечен број на часови на обука за секој вработен 90,83 часа односно 11,35 работни денови.

   Во текот на овој месец одржани се следните обуки, семинари, презентации и курсеви:
   - Согласно Програмата за основни обуки за новвработени царински службеници беа одржани 3 основни обуки со траење од по 40 часа на кои учествуваа вкупно 47 учесници;
   - Како дел од годишната програма за обука и стручно оспособување на царинските службеници од Секторот за ИКТ, се реализираа следниве обуки „Oracle database10g: Backup and Recovery“, „Oracle database10g: Performance

tunung“ и „Oracle database10g: Backup and Recovery“ на кои учествуваа 5 учесници;

- На студиска посета на SECI центарот, во Букурешт, Романија, учествуваше 1 претставник од Царинската управа;
- Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија и „Проектот на Светската банка при Министерството за правда на Република Македонија“ организираа Регионална конференција за практична примена на одредбите од новиот Закон за прекршоци. На конференцијата учествуваше 1 учесник;
- Царинската управа во соработка со Управата за ветеринарство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство организираше 8 обуки за соодветно спроведување на проверката и прегледот на граничните премини при увоз и транзит на пратки живи животни и производи од животинско потекло од страна на царинските службеници на граничните премини. На овие обуки учествуваа вкупно 97 учесници;
- Во организација на Стокхолмскиот институт за истражување на меѓународен мир (СИПРИ) се одржа Меѓуинституционален семинар за истражни дејства и гонење на прекршоците на контрола на извоз на кој учествуваше 1 цариснки службеник;
- Во рамките на Програмата за техничка помош со Царинската управа на Холандија, организирана е обука за воведување на контрола на квалитет и зајакнување на Службите за надзор на иматели на одобренија. На обуката учествуваа 12 учесници;
- Во соработка со Институтот за македонски јазик организирана е обука на тема „Правопис и правоговор на македонскиот јазик“, на која учествуваа вкупно 31 учесник.

**III. Интегритет и борба против корупција**

7. Во текот на декември 2009 година, реализирани се 10 внатрешни истраги во организационите единици на Царинската управа.

   Врз основа на спроведените истраги, во 3 случаи се утврдени основани сомненија дека царински службеници работеле спротивно на законските одредби, подзаконските акти, оперативните инструкции и етичкиот кодекс, односно констатирано е непостапување согласно Упатството за транзитна постапка во врска со дејствијата што царинскиот орган е должен да ги преземе при завршување на транзитната постапка, како и неовластено користење на службените возила, електронски картички за набавка на гориво и нивните пин кодови, како и непочитување на одредбите од Упатството за користење и управување на службени возила.

   Во 2 извештаи се дадени предлог мерки за отстранување на недостатоците во работењето и унифицирање на постапките според позитивните законски прописи, а во останатите 6 извештаи не е утврдено работење на царинските службеници спротивно на позитивните законски одредби, подзаконски акти, оперативни инструкции и етичкиот кодекс.

   Во текот на овој месец донесени се вкупно 14 решенија за изречена дисциплинска мерка, од кои со 4 решенија е изречена дисциплинска мерка престанок на работен однос со отказ, со 7 решенија изречена е дисциплинска мерка парична казна и со 3 решенија запрена е постапката поради настанување на застареност.

8. Од вкупно 28 изречени дисциплински мерки престанок на работен однос во 2009 година, 16 сеуште не се конечни бидејќи решенијата на Царинската управа за престанок на работен однос се обжалени до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање по жалби од работен однос. Оваа Комисија сеуште не се има произнесено со одговор по доставените жалби, а лицата на кои им е изречена дисциплинската мерка престанок на работен однос се сеуште вработени во Царинската управа.

9. На. крајот на декември 2009 година, против Царинската управа беа активни 112 судски предмети врз основа на спор од работен однос. Од нив, 49 предмети се наоѓаат во основните судови, од кои 45 предмети во првостепена постапка со старост од 1 до 24 месеци. Во постапки кај апелационите судови се наоѓаат 47 предмети со старост од 1 до 12 месеци. Во постапки пред Врховен суд се наоѓаат 27 предмети со старост од 1 до 36 месеци.

   Во текот на декември 2009 година, од основните судови се примени 7 пресуди по тужби против решенијата на Комисијата и на Царинската управа, од кои со пет пресуди се одбива тужбеното барање за поништување на решение за престанок на работен однос со отказ или решение за суспензија, една пресуда со која се одбива тужбеното барање за поништување на решение за престанок на работниот однос со отказ и една пресуда со која се одбива тужбеното барање за поништување на решение за парична казна на работникот.

   Во истиот месец, од апелационите судови се примени 3 пресуди по жалби на пресудите на основните судови, од кои, со 2 пресуди се уважува жалбата на Царинска управа и предметот се враќа на повторно судење, а со 1 пресуда мериторно е одлучено и тужбеното барање за поништување на решение за престанок на работен однос е одбиено како несоновано.

   Во декември 2009 година од Врховниот суд не е примена ниту една пресуда.

10. Од вкупно 169 кривични предмети во временски период од 2002 до 2009 година, на крајот на декември 2009 година, сеуште во судска постапка се 108 кривични предмети против вкупно 174 лица, од кои 90 лица се сеуште вработени, а 84 се поранешни вработени во Царинската управа. Кривичните предмети се со старост од 2 месеци до 7 години.

    Со завршена судска постапка и конечна одлука се вкупно 50 кривични предмети, додека за 11 нема информација во кој статус се наоѓаат.

    Кај основните судови во постапка се 100 кривични предмети со старост од 2 месеци до 7 години.

    Од вкупниот број на кривични предмети кои се наоѓаат пред основните судови, 40 предмети се наоѓаат во фаза на истрага, 11 предмети се вратени на повторно одлучување, 10 предмети се наоѓаат во судска расправа, додека 39 предмети се наоѓаат во фаза на судско вештачење.

    Кај апелационите судови во постапка се 8 предмети со старост од една до 5 години. Во соработка со Министерството за внатрешни работи е поднесена една кривична пријава која се наоѓа во постапка кај Основното јавно обвинителство.

11. Во текот на овој месец, по извршените редовни внатрешни контроли во организационите единици на Царинската управа, а во врска со утврдените недостатоци и неправилности во работењето, изготвени се:
    - 2 извештаи по извршена контрола за ненавремено поднесени барања за поведување на прекршочна постапка,
    - еден извештај за непостапување по Решение на Министерот за финансии за донесување на управно решение во повторна постапка,
    - еден извештај во врска со ненаплатен царински долг,
    - еден извештај по извршена контрола на донесени решенија во управна постапка за дополнителна наплата на царински долг.

12. Согласно Законот за постапување со претставки и предлози изготвен е еден извештај.

13. Во декември 2009 година е извршена ревизија на верификација на работното време за периодот 25.10.2009 година до 24.11.2009 година. Целта на ревизијата беше да даде разумно уверување дека работното време во Царинската управа се евидентира и верификува согласно Упатството за работно време, при што се констатирани 6 наоди за кои се дадени 6 препораки за постапување.

    Во овој месец е изготвен Стратешки план за работењето за периодот 2010 - 2012, како и Годишен план за работа за 2010 година.

## IV. Транспарентност

14. Во декември, преку отворената телефонска линија 197 се примени вкупно 3.297 повици. Заради полесно координирање и постапување со информациите истите се класифицираат и се доставуваат до надлежните служби за понатамошно постапување.

    На интернет страницата на македонски, англиски и албански јазик, објавени се 27 информации, а на интранет порталот 26 информации.Во текот на 2009 година преку интернет страницата до Царинската управа упатени се 800 прашања од граѓани и правни лица. Во декември поставени се 80 прашања, а до крајот на месецот е одговорено на 62.

    Согласно Законот за слободен простап до информации од јавен карактер, во текот на 2009 година примени се вкупно 22 барања од граѓани и правни лица. Царинската управа позитивно одговори на 17 барања и ја достави бараната информација во соодветна форма. Пет барања за пристап до информации од јавен карактер беа одбиени, со образложение дека Царинската управа не располага со бараните информации и истите беа препратени до институциите иматели на информациите.

15. Подготена е електронска верзија на Водичот за царинење на стоки за 2010 година, каде се вметнати сите промени на тарифните ознаки, царинските стапки, ДДВ, стоката со двојна намена, забрани и ограничувања и преференцијални царински стапки. Водичот е објавен на интернет страната на Царинската управа. Со тоа на транспарентен начин овие информации се достапни за сите заинтересирани стопански субјекти и корисници на царинските услуги.

## V. Спречување на нелегален увоз, извоз и транзит на стока и заштита на права од интелектуална сопственост

16. Врз основа на разузнавачки информации и анализа на ризикот, специјалните единици на Царинската управа во декември извршија преглед на 402 камиони, 274 автобуси и 211 патнички моторни возила, или на вкупно 881 возила на граничните премини и во внатрешноста, а Службата за мобилни скенери изврши скенирање на 3.000 моторни возила, од кои 2.868 товарни моторни возила, 42 автобуси и 90 патнички моторни возила, при што се запленети разни стоки (акцизна стока, текстил, како и фалсификувана стока од повеќе трговски марки).

    Царинските работници спречија повеќе обиди за шверц и криумчарење на стоки. При тоа се запленети и задржани 107 илјади метри телекомуникациски кабел, 145 илјади парчиња бижутерија и други модни додатоци, 11 илјади парчиња детски играчки, 11 илјади парчиња украси, 27 илјади $m^2$ материјали за шиење, 3 илјади парчиња разновидна текстилна стока, 8 600 парчиња цигари; 14 илјади евра и друго.

    На 12 декември, при рентгенска контрола на товарно моторно возило „Сканија“ со македонски регистарски ознаки, Царинската управа откри обид за криумчарење мигранти. Дваесет и девет авганистански државјани, од кои 16 малолетни лица, биле транспортирани од Грција за Македонија, преку граничниот премин Богородица, со намера да стигнат до Италија. Случајот е пријавен на Одделението за илегална миграција, превенција, странци и реадмисија при МВР, кое против возачот поднесе кривична пријава за криумчарење на мигранти.

    На 17 декември, на граничниот премин Богородица, царинските службеници, во соработка со припадниците на МВР, спречија обид за криумчарење на 38 килограми хероин. Дрогата била пронајдена .во патничко моторно возило марка Мерцедес, со германски регистарски ознаки и управувано од страна на државјанин на Република Германија, скриена во метални кутии залепени со силикон, сместени под шините на предните седишта, специјално изготвени за таа намена. Возилото, дрогата, личните документи, документите за возилото и предметите пронајдени кај возачот, заедно со целокупната документација се предадени на Министерството за внатрешни работи за понатамошно постапување.

17. За откриените обиди за недозволен пренос на стока, како и за останатите недозволени постапувања, до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа се доставени 95 барања за поведување на прекршочна постапка, од кои: 13 барања по прекршочна пријава за возила доставени од МВР, 17 барања по записник за царински прекршок доставени од Секторот за контрола и истраги при Царинската управа, 63 барања по записник за царински прекршок доставени од царинските испостави, и 2 вратени предмети од Основните судови. Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа во декември 2009 година реши 50 предмети во редовна и итна постапка и за истите изрече глоба во вкупен износ од 4.020.750 денари (околу 64 илјади евра).

    Против решенијата на Царинската управа за утврдена прекршочна одговорност до крајот на декември 2009 година до Управниот суд се поднесени вкупно 420 тужби. До декември 2009 година од Управниот суд се примени 95 пресуди, од кои, со 50 пресуди се потврдуваат решенијата на Царинската управа, со 41 пресуда се поништуваат решенијата на Царинската управа и се враќаат на

повторно постапување и со 4 пресуди мериторно се пресудува и се укинуваат решенијата на Царинска управа.

Во текот на декември Царинската управа издаде 179 покани за плаќање на глоба, односно изрече мандатни казни на сторителите на царински прекршоци во вкупен износ од околу 1,27 милиони денари (околу 20,6 илјади евра).

18. Во декември 2009 година Царинската управа донесе 91 решение за дополнителна наплата на помалку пресметан царински долг во вкупен износ од околу 4 милиони денари (околу 67 илјади евра).

19. Во текот на декември 2009 година Царинската управа до основните јавни обвинителства поднесе 17 пријави за покренување на кривични постапки против 27 физички лица и 9 правни лица, за сторени кривични дела:
- криумчарење – 6 кривични пријава против едно правно и 10 физички лица,
- производство и промет со општоопасни материи - една кривична пријава против едно физичко лице,
- промет со акцизни стоки – една кривична пријава против едно физичко лице,
- фалсификување на исправа – една кривична пријава против 5 физички лица и едно правно лице,
- фалсификување на знаци на вредност – една кривична пријава против 3 физички лица,
- царинска измама – 7 кривични пријави против 7 физички лица и 7 правни лица.

Вкупната вредност на стоката предмет на кривичните дела изнесува околу 5 милиони денари (околу 63 илјади евра), ненаплатените односно избегнатите царински давачки изнесуваат 3,5 милиони денари (околу 56 илјади евра).

20. Во декември Царинската управа интервенираше во 16 случаи на обиди за повреда на правото од интелектуална сопственост и привремено задржа 244 илјади парчиња стока поради основано сомневање дека се работи за фалсификувани трговски марки.

Најголем дел од привремено задржаната стока ја сочинуваат:
- 203 илјади парчиња модни додатоци,
- 18 илјади парчиња ЦД-а,
- 11 илјади парчиња етикети,
- 4,4 илјади парчиња спортска опрема,
- 3,7 илјади парчиња телефони и опрема за телефони,
- 1,5 илјади парчиња делови за возила.

Во периодот од 01.12.2009 до 31.12.2009 година од страна на застапниците на трговски марки во Царинската управа поднесени се 6 нови барања за преземање на дејствија за заштита на правата на интелектуална сопственост за следните трговските марки: CHEVROLET, BULGARI, IPHONE, APPLE (во збор), APPLE (во изглед) и RED STAR.

Донесени се одобренија за уништување на над 13 илјади парчиња стока која повредува право од интелектуална сопственост за трговските марки KAPPA, PUMA, ADIDAS, CALVIN KLAIN, TOMY HILFIGGER, NIKE, DIESEL, VERSACHE, HUGO BOSS, GUCCI, SONY ERICSSON, MERCEDES, ARMANI, D&G и G-STAR.

. **VI. Меѓуинституционална, меѓународна соработка и проекти**

21. На први и втори декември 2009 година, во организација на Царинската управа на Република Македонија, а во соработка со Економската комисијата на Обединетите нации за Европа, УСАИД - Проект за деловно опкружување и Секретаријатот на ЦЕФТА 2006, во Скопје се одржа регионална Конференција за искуството на Република Македонија во воведувањето на Електронскиот едношалтерски систем за издавање на дозволи за увоз, извоз и транзит – EXIM.

    На Конференцијата учествуваа претставници од Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија, Молдавија, Косово, Србија, Турција, Хрватска, Црна Гора, Царината на Шведска, Економската комисијата на Обединетите нации за Европа, Светската царинска организација, Европската Комисија и УСАИД (Проект за деловно опкружување и е-Влада).

22. На 3 декември во просториите на Царинската управа се одржа редовен состанок на Советодавното тело. На состанокот покрај членовите на Советодавното тело присуствуваа и претставници на застапниците на трговски марки во Република Македонија (СНБ Реакт и Бинпро) и претставници од Македонски железници - транспорт.

    Главна тема на состанокот беше анализа на резултатите и можностите за унапредување на капацитетите за спречување трговија со фалсификувани стоки. Констатирано е дека бројот на акции и количината на вкупно запленетите фалисфикувани стоки се намалени во 2009 година. Претставниците на застапниците на трговски марки истакнаа дека намалувањето на заплените, според нив, главно е резултат на зголемените контроли и резултатите во претрходните години, како и на општо намалениот обем на севкупниот транзит и увоз во Република Македонија, а со тоа и транзитот и увозот на фалсификувана стока. Беше констатирано дека е потрбна постојана будност и анализирање на пазарот и можните промени во начинот на увоз и трговија со фалисфикувана стока, како и подобрување на меѓусебното информирање.

23. На 7 декември се одржа шестиот донаторски координативен состанок во областа на царинското работење, на кој Царинската управа го презентираше напредокот во периодот од претходниот состанок, како и статусот на реализацијата на проектите поддржувани од донаторите (а пред сè ИПА финансираните проекти, твинингот со холандската царина и УСАИД). Беа презентирани и области и проекти кои натаму ќе бидат анализирани од аспект на можностите да бидат финансирани од донатори.

Претставник на Царинската управа учествуваше на прviот состанок на регионалните тренинг центри од Европскиот регион на Светската царинска организација кој се одржа од 2-5.12.2009 година во Баку, Азербејџан. Состанокот беше организиран под покровителство на Регионалната конференција за градење на капацитет во Баку и Секретаријатот на Светската царинска организација. Координативната група на регионалните тренинг центри ги донесе заклучоци да се следат процесите на организација и координација на тренинг активностите на регионално ниво, да се верификуваат определени стандардни постапки и да се даде поддршка на работата на Регионалната канцеларија за градење на капацитети; да се усвојат формулари и шеми за олеснување и хармонизирање на регионалните процеси и да се ревидира планот за обуки за фискалната година на Светската царинска организација за 2009-2010 година.